GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA

Образование и Обука Интернационал
ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ТЕИФ ДРЖАВНО ОБРАЗОВАНИЕ

2012

ТЕХНИЧКО И ПОНАТАМОШНО ДРЖАВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА

Перт, Западна Австралија

Западна Австралија нуди контрасти, започнувајќи од крајбрежјето па до шумите, од тивките плажи па до живите градски улици.

- Со наглиот пораст на населението на преку 2 милиони луѓе, Перт е еден од најдинамичните и просперитетни градови во Австралија.
- Перт е модерен, чист и мултикултурен град, со луѓе од многу различни националности и религии кои што живеат заеднички во хармонија.
- Западна Австралија е во истата временска зона со многу Азиски региони и директен лет од редица на главни градови во Азија, Африка, субконтинентот и државите во Голфскиот залив.
- Западна Австралија нуди повеќе шанси за стекнување на работно искуство и вработување на скратено работно време.

ТЕИФ Западна Австралија

Студентите кои сакаат добар почеток на кариерата доаѓаат да студираат при ТЕИФ, Западна Австралија кое што е мрежа на колеџи под државна сопственост и раководство. Ние нудиме курсеви со фокус на вработување, како и патеки кон унивезитет.

Курсевите на ТЕИФ ги учат студентите да се здобијат со специјална обука. Нашите курсеви постојано секогаш се обновуваат и модернизираат заедно со технолошките промени. Студентите не само што се добро образовани, но се исто така добро тренирани во важните работни способности. Студирањето при ТЕИФ ги подготвува студентите за вработување во вистинскиот свет каде тие ја применуваат стекнатата обука. Дипломците од нашите курсеви брзо можат да добијат вработување или да ги продолжат своите студии на Универзитет каде што можат да добијат унапредена положба.

Бенефициии од студирање при ТЕИФ Западна Австралија

- ТЕИФ Западна Австралија се државни образовни институции од висок квалитет и статус.
- Курсевите рангираат од краткотрајни до долготрајни.
- Интернационалните студенти студираат и се мешаат со Австралиски студенти и склопуваат многу доживотни пријателства.
- Постојат 22 колеџи на ТЕИФ со модерни простории. Канцеларии за Интернационални студенти се лоцирани на секој колеџ за да помагаат со сместување, домашно-сместување, обновување на визи и помош во секојдневниот живот.
- Студентите се охрабруваат да го развијат и постигнат својот целосен потенцијал

Квалификациони курсеви

Ние имаме широк избор на студии со над 250 курсеви за Виша Диплома, Диплома и Сертификат во следните полиња на студирање:

- Аеронаутика
- Уметност и дизајн
- Градежништво и дизајн
- Бизнис и Менаџмент
- Услуги во заедницата и здравството
- Компјутери и Информатика
- Инженерство
- Туризам и Менаџерство на хотели
- Наутички (морепловни) науки
- Наука и Природни науки
- Туризам и Патување
- Студии по животинство
- Хортикултура
- Занаети

Дипломи на придружен степен

ТЕИФ нуди Дипломи на придружен степен по:

- Диплома на придружен степен по Авијација (Аеронаутика)
- Диплома на придружен степен по Авијација (Менаџерство во авијација)
- Диплома на придружен степен по Авијација (Инженерство во одржување)
- Диплома на придружен степен по Бизнис
- Диплома на придружен степен по Менаџерство во туризам
- Диплома на придружен степен по Технологија на мрежи

Студентите добиваат кредит во вредност од 2 години на Комерцијалниот факултет при Универзитетот „Мардок“

Курсеви по англиски

Истовремено, ние нудиме избор на курсеви по англиски јазик:

- Општ англиски
- Академски англиски
- Интернационален деловен англиски
- Подготвителен курс за 'ИЕЛТС'
- 'ИЕЛТС Подготвен' подготвителен курс
- Прелиминарен тест по англиски на Кембриџ (ПЕТ)
- Кембриџ Прв Сертификат курс по англиски (ФЦЕ)
- Кембриџ Сертификат по виш англиски (ЦАЕ)
- Сертификати 1-4 по устен и писмен англиски
- Сертификат 4 по англиски за академски намени

Авении за префрлување на Универзитет

Курсевите на ТЕИФ се практични и го нагласуваат тренингот и обуката. Најголемиот дел од курсевите на ТЕИФ се сврзуваат со универзитетите и често пати студентите добиваат ослободување за студиите завршени на ТЕИФ. За повеќе информации погледнете го делот „Од ТЕИФ до Универзитет“ на нашата веб страница.

Приемни услови

Квалификациони курсеви:

Квалификационен курс	Австралиски еквивалент
Сертификат 3 / Сертификат 4	10-11та година
Диплома и Виша Диплома	12та година
Диплома на Придружен Степен	12та година

Англиски

ТЕИФ Западна Австралија ќе прифати резултат од „интернационален тест по англиски јазик“ (ИЕЛТС) со 5.5 (академски – во целост со не понизок индивидуален тест помалку од 5) или пак „тест по англилски како странски јазик“ (ТОЕФЛ) резултат од 530 или 'ФЦЕ' од Кембриџ за завршени курсеви со Сертификат, Диплома и Виша Диплома. За Диплома на придружен степен потребен е ИЕЛТС резултат со 6 каде што ниту еден индивидуален тест не е помал од 5.5.

Исто така, студентите можат да полагаат ЕТИ позиционен тест по англиски јазик кој што ќе покаже уште колку повеќе ќе треба да учат англиски дополнително пред да влезат во курс на ТЕИФ. Посетете ја веб страницата на ЕТИ за повеќе информации.

Датуми за упис

Квалификациони курсеви – има два уписи годишно – февруари и јули

Курсеви по англиски јазик – постојат 5 главни приеми во годината – јануари, февруари, април, јули и октомври. Исто така постои и флексибилен прием.

Трошоци

Ве молиме посетете ја нашата веб-страница www.eti.wa.gov.au за повеќе информации за нашите курсеви и цени или контактирајте Образовен агент од Образование и Обука Интернационал (имињата се на веб-страницата).

Сместување

Можностите за сместување вбројуваат:

Опис на услугата	Цена за упис	Домашно-сместување (под 18 години)
Цена за упис	200 долари	200 долари
Трансфер на аеродром – Централен градски регион на Перт	90 долари	90 долари
Едно неделно сместување	235 долари	245 долари
Ручеци на училишен ден – дополнително на недела	20 долари	20 долари

За повеќе информации ве молиме погледнете на веб страницата на мрежата за домашно сместување:

www.homestaynetwork.org

Доколку сакате да се здобиете со одлични квалификации кои ќе ве обезбедат со обука за вашата идна кариера додека живеете во гостољубив и возбудлив град – тогаш тоа не барајте го подалеку од ТЕИФ, Западна Австралија.

Повеќе информации може да се најдат на

www.eti.wa.edu.au

GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA

Department of
Training & Workforce Development

Australia
FutureUnlimited

Level 2, 123 Adelaide Terrace, East Perth, Western Australia 6004, PO BOX 6830, EAST PERTH BC 6892 • Телефон +61 8 9218 2100 • Факсимил +61 8 9218 2160 • Емаил: study.eti@dtwd.wa.gov.au

Provider Code – 00206